Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-424/3
Датум: 16-08-2023

По претставката со бр. 08 - 424/1 од 05.07.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје со адреса на [redacted], за заштита од дискриминација против [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За отфрлање на претставката поради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација со бр. 08 – 424/1 од 05.07.2023 година од [redacted] Скопје против [redacted] **поради неуредност.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 05.07.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација со бр. 08 – 424/1 од подносителот [redacted] Скопје против [redacted]

Поднесената претставка не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација: *„Претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.“*

Од причина што претставката не ги содржеше наведените елементи, согласно член 24, став 2 од Законот, Комисијата го задолжи подносителот истата да ја доуреди, во насока што ќе ја наведе адресата на живеење на посочената дискриминаторка од претставката – [redacted]

Подносителот на претставката во законски утврдениот рок не ја доуреди претставката согласно напатствијата и од таа причина Комисијата за спречување и заштита од

дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
16.08.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Член на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]